| 425490 Други здравствени услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 128.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 128.300 |
| 425640 Изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 59.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 59.000 |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 5.325 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 5.325 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 456.900 | 426.444 | 150.000 | 134.294 | 0 | 0 | 0 | 0 | 606.900 | 560.738 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 128.000 | 77.103 | 108.500 | 61.388 | 0 | 0 | 0 | 0 | 185.603 | 138.491 |
| 426210 Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 35.000 | 20.540 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35.000 | 20.540 |
| 426310 Семинари и конференции | 0 | 0 | 20.000 | 9.100 | 57.500 | 20.946 | 0 | 0 | 0 | 0 | 77.500 | 30.046 |
| 426410 Објавување на огласи | 0 | 0 | 20.000 | 4.248 | 51.000 | 32.452 | 0 | 0 | 0 | 0 | 71.000 | 36.700 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 0 | 53.000 | 43.215 | 0 | 7.990 | 0 | 0 | 0 | 0 | 53.000 | 51.205 |
| 427 Привремени вработувања | 0 | 0 | 4.384.879 | 4.258.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.258.000 | 4.258.000 |
| 427110 Привремени вработувања | 0 | 0 | 4.384.879 | 4.258.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.384.879 | 4.258.000 |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **640.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **640.000** | **0** |
| 480 Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 0 | 0 | 440.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 440.000 | 0 |
| 480140 Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 |

42

## ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

### Ниво на: Потставка

| Категорија Ставка Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | 217.120.499 | 175.447.498 | 14.529.278 | 9.199.709 | 414.840.252 | 359.380.354 | 29.856.367 | 11.049.212 | 20.000.000 | 20.000.000 | 696.346.396 | 575.076.773 |
| 480150 Купување на кујнска опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 0 |
| 480160 Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 482 Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 | 0 |
| 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други об | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 | 0 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.000 | 0 |
| 483110 Купување на канцелариски мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 |
| 483190 Купување на друг мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 |

43

## ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

### Ниво на: Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 217.120.499 | 175.447.498 | 14.529.278 | 9.199.709 | 414.840.252 | 359.380.354 | 29.856.367 | 11.049.212 | 20.000.000 | 20.000.000 | 696.346.396 | 575.076.773 |
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| V30 СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ | 4.440.000 | 3.853.797 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 1.980.000 | 0 | 0 | 6.440.000 | 5.833.797 |
| **СТОКИ И УСЛУГИ** | **3.120.000** | **3.090.480** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.000.000** | **1.980.000** | **0** | **0** | **5.120.000** | **5.070.480** |
| 425 Договорни услуги | 3.120.000 | 3.090.480 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 1.980.000 | 0 | 0 | 5.120.000 | 5.070.480 |
| 425990 Други договорни услуги | 3.120.000 | 3.090.480 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 1.980.000 | 0 | 0 | 5.120.000 | 5.070.480 |
| **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **820.000** | **304.431** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **820.000** | **304.431** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 200.000 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 180.000 |
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 200.000 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 180.000 |
| 464 Разни трансфери | 620.000 | 124.431 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 620.000 | 124.431 |
| 464990 Други трансфери | 620.000 | 124.431 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 620.000 | 124.431 |
| **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **500.000** | **458.886** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** | **458.886** |
| 471 Социјални надоместоци | 500.000 | 458.886 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 458.886 |
| 471990 Друга социјална помош | 500.000 | 458.886 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 458.886 |



## ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

### Ниво на: Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 217.120.499 | 175.447.498 | 14.529.278 | 9.199.709 | 414.840.252 | 359.380.354 | 29.856.367 | 11.049.212 | 20.000.000 | 20.000.000 | 696.346.396 | 575.076.773 |
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| VA0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **60.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60.000** | **0** |
| 480 Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480140 Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480150 Купување на кујнска опрема | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 480160 Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483110 Купување на канцелариски мебел | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 483190 Купување на друг мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

**Ниво на: Потставка**

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 217.120.499 | 175.447.498 | 14.529.278 | 9.199.709 | 414.840.252 | 359.380.354 | 29.856.367 | 11.049.212 | 20.000.000 | 20.000.000 | 696.346.396 | 575.076.773 |
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **30.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30.000** | **0** |
| 464 Разни трансфери | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |

Член 5

Годишната (завршна) сметка на буџетот на Општина Радовиш за 2024 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-439/2
дата 12.03.2025 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02 год. и 202/24), член 33 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Сл. весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), чл. 21 ст. 1 т. 4 и чл. 43 ст. 1 т. 4 од Статутот на Општина Радовиш, како и член 27 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ("Сл. весник на РМ" бр. 61/02; 98/02; 81/05; 24/11; 145/15 и 170/17), Советот на Општина Радовиш на LXIV седница одржана на 12.03.2025 година донесе

# ОДЛУКА
## за усвојување на годишна (завршна) сметка на буџетот на Општина Радовиш за 2024 година

### Член 1

Се усвојува годишната (завршна) сметка на буџетот на Општина Радовиш за 2024 година.

| Ред.бр. | Опис | Планирано, МКД | Остварено, МКД |
|---|---|---|---|
| I. | **Вкупни приходи** | **564.719.893** | **537.761.265** |
| II. | **Вкупни расходи** | **692.346.396** | **571.118.275** |
| III. | **Дефицит/суфицит** | **-127.626.503** | **-33.357.010** |
| IV. | **Финансирање** | **127.626.503** | **33.357.010** |
| | **Прилив** | **131.626.503** | **37.315.508** |
| | Задолжување во земјата | 20.000.000 | 20.000.000 |
| | Задолжување во странство | | |
| | Депозит | 111.626.503 | 17.315.508 |
| | **Одлив** | **4.000.000** | **3.958.498** |
| | Отплата на главница | 4.000.000 | 3.958.498 |

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-439/1
дата 12.03.2025 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Заклучок за усвојување на ГодиШен извеШтај
на ОпШтина РадовиШ за 2024 година и
ГодиШен извеШтај
на ОпШтина РадовиШ за 2024 година

Го прогласувам и објавувам заклучокот за усвојување на ГодиШен извеШтај на ОпШтина РадовиШ за 2024 година бр.08-440/1 и ГодиШен извеШтај на ОпШтина РадовиШ за 2024 година, бр.08-440/2

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 12.03.2025 година.

Број 09-440/3 Градоначалник
Дата 12.03.2025г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

# ОПШТИНА РАДОВИШ

Единица на локална самоуправа Радовиш, бул. "А. Македонски" бр. 7, 2420 Радовиш, Република Северна Македонија
Тел. (032) 617-700 / Факс. (032) 617-701 / веб страна: radovis.gov.mk / ел. пошта: radovis@radovis.gov.mk


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ОПШТИНА РАДОВИШ
# ЗА 2024 ГОДИНА



**Радовиш, февруари, 2025 година**

**I. Составен дел на Годишниот извештај на Општина Радовиш за 2024 година се:**

1. Годишната сметка;
2. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност;
3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотации за делегирани надлежности;
4. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на завршната сметка
5. Образложение кое содржи основни податоци за Општина Радовиш, организација на Општина Радовиш, образложение на годишната сметка, посебен осврт на финансиските извештаи – составен дел на годишната, завршна сметка на основниот буџет, извештај за користење на финансиски средства од тековни резерви.

## 1.1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА РАДОВИШ

Општина Радовиш е сместена во југоисточниот дел од Република Македонија, во подножјето на планината Плачковица.

**ДЕМОГРАФИЈА**

**Вкупно население во општина Радовиш: 24.122 жители**
Површина на општината 608 $км^2$

Податоците се земени од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 год. и покажуваат намалување на населението за 14,5% односно за 4.122 жители во споредба со податоците од пописот од 2002 година (28.244 жители).

**ЕКОНОМИЈА**

**Поважните економски сектори во општина Радовиш:**

☒ Градежништво
☒ Индустрија за градежни материјали
☒ Дрвна индустрија
☒ Метална и машинска индустрија
☒ Неметална индустрија
☒ Црна и обоена металургија
☒ Рударство
☒ Земјоделство
☒ Лов и риболов
☒ Туризам
☒ Текстилна индустрија
☒ Прехрамбена индустрија

☒ Трговија
☒ Транспорт
☒ Диспечерски услуги во транспортниот сектор
☒ Банкарство

**ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ**

Банки и други финансиски институции
Стопанска банка - филијала Радовиш
Тутунска банка - филијала Радовиш
Комерцијална банка - филијала Радовиш
Уни банка - филијала Радовиш
ТТК банка - филијала Радовиш
Халк банка - филијала Радовиш
Управа за јавни приходи - одделение Радовиш

**ЗДРАВСТВО**

ЈЗУ Здравен Дом Радовиш со 7 дејности под управа на ЈЗУ Здравствен Дом Радовиш

14 ПЗУ Општа медицина од кои 1 ПЗУ Општа медицина во с. Калуѓерица и 1 ПЗУ Општа медицина во с. Подареш, 12 ПЗУ општа стоматологија, 2 ПЗУ гинекологија, 3 ПЗУ Лаборатории, 2 СПЗУ Интерна медицина, 1 СПЗУ Ортопедија, 1 СПЗУ Дерматологија, 1 СПЗУ Ортодонт.

Истотака работат и 9 ПЗУ Аптеки од кои 1 ПЗУ Аптека во населените места - с. Подареш.

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Во Општините Радовиш и Конче постојат околу 690 домаќинства, кои се приматели на гарантирана минимална помош; 152 корисници на надоместок заради попреченост; 730 корисници на надомест за помош и нега од друго лице; 6 корисници на надоместок на плата за скратено работно време; 22 корисници на траен надоместок; 170 корисници и домаќинства на еднократна парична помош; 303 корисници на социјална сигурност за старите лица; 453 корисници на детски додаток, 106 корисници на посебен додаток; 137 корисници на еднократна парична помош за новороденче; 578 корисници на образовен додаток; 337 корисници на родителски додаток за трето и четврто дете, 9 корисници на помош и нега во домот, 11 корисници на лична асистенција, 1 корисник на помош за жртва на трговија со луѓе, 15 корисници на живеење со поддршка, 15 корисници на згрижување во друго семејство, 5 корисници на сместување во установа, 105 корисници на услуги на информирање и 45 корисници на услуги на советување.

**ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**Јавни претпријатија во општината**

ЈП "Плаваја"

ЈПССО "Радовиш 2014"

ЈП "Национални шуми" подружница "Плачковица" - Радовиш

РО "Мантово" - Радовиш

**ЈАВЕН СЕКТОР**
Во Јавниот сектор постојат: ЕЛС, подрачни единици на сите министерства, Основен суд, Катастар, МВР, Управа за јавни приходи, ЈЗУ„Здравен дом", ПИОМ, МЦСР.

### 1.2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Општина Радовиш е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Општината е правно лице со седиште во Општина Радовиш.

**<u>Надлежност</u>**

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште; Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
  Здравствена заштита, односно управување со мрежата на јавни здравствени организации, превентивни активности, надзор над заразни болести;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени

разузнавања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Организација и сметки**

Органи на општината се:
- Советот и
- Градоначалникот

**Совет**

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните. Советот на Општината го сочинуваат 19 претставници на граѓаните, избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

Советот ги врши следните работи:
- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Врши и други работи утврдени со закон.

Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месеци, на барање на градоначалникот или на барање на членовите на советот. Советот може да работи ако на седниците присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Седниците на советот се јавни.

Членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци.

Претседателот на советот се избира од редот на членовите на советот, со мандат од четири години. За претседател на советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

**Градоначалник**

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од четири години.

Градоначалникот ги врши следните работи:
- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на

сопственоста на општината;

- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Избира директори на јавните служби кои се основани од општината, врз основа на јавен конкурс;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените;
- Врши други работи утврдени со закон и со статут.

**Администрацијата** на општината е надлежна за извршување на работите во рамките на општината, распределена во сектори и одделенија. Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно - правни, извршни, управно - надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на административни службеници. За нивното вработување, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.

**Администрацијата е организирана во сектори и одделенија и тоа:**

- **Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи**
  - Одделение за нормативно - правни работи;
  - Одделение за јавни дејности и општи работи;

- **Сектор за финансиски прашања**
  - Оделение за сметководство и плаќање;
  - Одделение за даноци, такси и надоместоци.

- **Сектор за урбанизам, комунални работи,заштита на животна средина и локален економски развој**
  - Одделение за урбанизам и заштита на животна средина
  - Одделение за комунални работи
  - Одделение за локален економски развој.

- **Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат**
  - Одделение за градежна, комунална и инспекција за сообраќај и патишта;
  - Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината.

- **Одделение за внатрешна ревизија**

- **Одделение за управување со човечки ресурси**

- **Противпожарен вод.**

Во рамките на општината се формирани:

- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;

- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
- Комисија за урбанизам,комунални дејности и заштита на животната средина;
- Комисија за култура, образование и спорт;
- Комисија за здравство и социјална заштита;
- Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита;
- Комисија за награди и признанија;
- Комисја за месна самоуправа и граѓанска иницијатива;
- Комисија за земјоделие;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите;
- Комисија за заштита на правата на децата во општина Радовиш;
- Одбор за јавно осветлување;
- Комисија за јавна набавка.

Финансиското работење на општина Радовиш се извршува преку Сметка - Буџет на Општина Радовиш 758014072063018, додека преку Сметка – Орган на Општина Радовиш 758014072063713 се извршуваат расходите од Буџетот на Општината.

Овластено лице за располагање со паричните средства на сметките на Општина Радовиш во текот на 2024 година е Градоначалникот.

## 1.3. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ГОДИШНА/ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2024 ГОДИНА

Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година беше донесен од страна на Советот на Општина Радовиш, на 26.12.2023 година со бр. 08-1895/2 и Одлука за извршување на буџетот за 2024 година под број 08-1896/1. Истиот беше подготвен согласно важечките законски прописи, односно согласно **Законот за локална самоуправа** ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), **Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа** ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), **Законот за буџетите** ("Службен весник на РМ" бр. 64/05, 4/08,103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21), **Буџетскиот циркулар - Насоки** за подготовка на Буџетите на ЕЛС за 2024 година, добиен од Министерството за финансии на РСМ со арх. бр. 08-11273/1 од 29.09.2023 год., примен во Општина Радовиш со бр. 05-05/107 од 09.10.2023 година) и **Дополнување на насоките** за подготовка на Буџетите на ЕЛС за 2024 година, добиен од Министерството за финансии на РСМ со арх. бр. 08-11273/2 од 11.12.2023 год., примен во Општина Радовиш со бр. 05-05/145 од 14.12.2023 година).

При подготовката на буџетот на Општина Радовиш за 2024 година беа земени во предвид поставените стратешки цели на општината, со кои ќе се обезбеди ефикасно извршување на надлежностите и исполнување на потребите на граѓаните, како и економската политика на Владата на РСМ со следните стратешки приоритети:

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Во текот на годината беа извршени следните измени на донесениот буџет на Општина Радовиш за 2024 година:

- измена на распоредот на средствата (прва пренамена) со Одлука бр. 08-185/1 од 29.01.2024 год.

- измена на распоредот на средствата (втора пренамена) со Одлука бр. 08-294/1 од 09.02.2024 год.
- проширување (прво) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2024 год. со Одлука бр. 08-295/1 од 09.02.2024 год.
- измена на распоредот на средствата (трета пренамена) со Одлука бр. 08-860/1 од 28.06.2024 год.
- измени и дополнувања (прв ребаланс) на буџет на Општина Радовиш за 2024 година со бр. 08-1030/2 од 26.07.2024 год.;
- измена на распоредот на средствата (четврта пренамена) со Одлука бр. 08-1087/1 од 06.08.2024 год.;
- измена на распоредот на средствата (петта пренамена) со Одлука бр. 08-1341/1 од 25.09.2024 год.;
- проширување (второ) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2024 год. со Одлука бр. 08-1342/1 од 25.09.2024 год.
- Измени и дополнувања (втор ребаланс) на буџет на Општина Радовиш за 2024 година со бр. 08-1615/2 од 14.11.2024 год.
- измена на распоредот на средствата (шеста пренамена) со Одлука бр. 08-1686/1 од 29.11.2024 год.;
- проширување (трето) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2024 год. со Одлука бр. 08-1685/1 од 29.11.2024 год.;
- Одлука за измена на одлука за извршување на буџетот на Општина Радовиш за 2024 година со бр. 08-491/1 од 11.03.2024 година.;
- Одлука за измена на одлука за извршување на буџетот на Општина Радовиш за 2024 година со бр. 08-1459/1 од 24.10.2024 година.

**Приходи на општината**

Согласно Табела бр. 1, прикажана подолу, може да се виде дека вкупните реализирани приходи на Општината во 2024 година изнесуваат 575.076.773 денари или 82,58% од вкупно планираните приходи во буџетот на општината, што покажува зголемување од 2,80% споредено со износот на реализираните вкупни приходи во претходната година.

Приходите на основниот буџет се реализирани во износ од 175.447.498 денари или 80,81% во однос на планираните приходи во буџетот за 2024 година. што покажува зголемување од 2,37% споредено со износот на реализираните вкупни приходи во претходната година.

Приходите од дотации се реализирани во износ од 359.380.354 денари или 86,63% во однос на планираните приходи во буџетот за 2024 година. Учеството на блок дотациите во структурата на вкупните приходи во буџетот на општината за 2024 година изнесува 62,49%.

Приходите на самофинансирачки активности се реализирани во износ од 9.199.709 денари или 63,32% во однос на планираните приходи во буџетот за 2024 година, споредено со претходната година покажува зголемување од 48,60%.

Приходите од донации се реализирани во износ од 11.049.212 денари или реализацијата изнесува 37,01% во однос на планираните приходи во буџетот за 2024 година. Износот на реализација во однос на истиот период во 2023 година бележи намалување од 60,17%.

**Табела бр.1 (Реализација на вкупни приходи во 2024 година по сметки)**

| Приходна сметка | буџет 2024 (во ден.) | реализ. 2024 (во ден.) | реализ. 2023 (во ден.) | реал. 2024/ реал. 2023 (%) | реал. 2024 (%) | нереализ. буџет (во ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 217.120.499 | 175.447.498 | 171.387.840 | 2,37 | 80,81 | 41.673.001 |
| Донации | 29.856.367 | 11.049.212 | 27.744.337 | -60,17 | 37,01 | 18.807.155 |
| Кредити | 20.000.000 | 20.000.000 | 22.813.996 | | 100,00 | - |
| Самофин. активности | 14.529.278 | 9.199.709 | 6.190.908 | 48,60 | 63,32 | 5.329.569 |
| Дотации | 414.840.252 | 359.380.354 | 331.282.564 | 8,48 | 86,63 | 55.459.898 |
| Вкупен приход | 696.346.396 | 575.076.773 | 559.419.645 | 2,80 | 82,58 | 121.269.623 |

**Графички приказ бр.1 - Структура на општинските приходи по сметки**




Од табела бр. 2, прикажана подолу, можеме да видеме дека даночните приходи се реализирани во износ од 91.793.880 денари, или 94,87% во однос на планираните приходи во буџетот за 2024 година, што покажува намалување од 3,19% споредено со претходната година.

Кај даночните приходи, од персонален данок од доход на платите се остварени 11.713.556 денари или 109.35% од планираниот износ (98.35% во 2023 год.).
Најголемо учество во остварените даночни приходи имаат приходите остварени од даноците на имот, кои се остварени во вкупен износ од 40.043.507 денари или 113.70% од годишниот план (91.62% во 2023 год.). Од данок на имот на физички лица е остварен приход од 21.345.393 ден., од данок на имот на правни лица 5.357.324 ден. , од данок на промет на недвижности 11.110.928 ден. итн.
Даноците на специфични услуги (комунални такси и надоместоци), се остварени во вкупен износ од 39.722.380 денари односно 86.14% од планираните за 2024 година (97.89% во 2023 год.). Овде најголемо учество имаат приходите остварени од комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување во износ од 24.438.690 денари, понатаму од надоместок за уредување на градежно земјиште се остварени 6.496.383 денари, од комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија се остварени 4.550.985 денари, 2.708.885 денари од комунална такса за користење на улици со возила итн.

Неданочните приходи се реализирани во износ од 10.084.265 денари или 79,18% во однос на планираните приходи во буџетот за 2024 година, што покажува намалување од 5,54% споредено со претходната година. Од вкупниот износ на неданочните приходи во основниот буџет се остварени 3.411.983 денари и во буџетот на самофинансирачки активности 6.672.282 денари. Овде најголемо учество имаат таксите и надоместоците во износ од 6.764.596 денари, глоби, судски и административни такси во износ од 1.847.300 денари, други неданочни приходи во износ од 1.472.369 денари.

Капиталните приходи се реализирани во износ од 13.906.771 денари или 68,10% во однос на планираните приходи во буџетот за 2024 година, што покажува намалување од 7,70% споредено со претходната година.

Во капитални приходи влегуваат приходот од надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 10.602.748 денари, приходот од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата во износ од 2.743.529 денари, од надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти 527.334 денари итн.

Трансферите и донациите се реализирани во износ од 439.291.857 денари или 80,39% во однос на планираните приходи во буџетот за 2024 година, што покажува зголемување од 5,59% споредено со претходната година.

Кај трансфери и донации од наменска и блок дотација се добиени 359.380.354 денари, од донација 11.049.212 денари, од месечна дотација на општината од ДДВ се добиени 57.439.149 денари, од трансфери од буџетите на фондовите 3.821.639 денари итн.

Кај буџетот на кредити Општината во текот на 2024 година има добиено три транши во вкупен износ од 325.230 евра или 20.000.000 денари од долгорочниот кредит за кој Општина Радовиш има склучено договор со Комерцијална банка АД Скопје со бр. 03-248/11 од 06.06.2024 год. за капитален инвестиционен проект Градски пазар на износ од 1.296.900 евра. Вкупно повлечен кумулативен износ до 31.12.2024 година по овој кредит изнесува 696.193 евра или 42.813.996 денари. Средствата од 20.000.000 денари изнесуваат 100% во однос на планираното задолжување за 2024 год. и се исплатени на изведувачот Фабрика "Карпош" за изградба на Градски пазар.

**Табела бр.2. (Реализација на вкупни приходи во 2024 година по економска класификација)**

| Видови на приходи (по економ. класифик.) | буџет 2024 (во ден.) | реализ. 2024 (во ден.) | реализ. 2023 (во ден.) | реал. 2024/ реал. 2023 ( %) | реал. 2024 (%) | нереализ. буџет (во ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| даночни приходи | 96.757.947 | 91.793.880 | 94.815.770 | -3,19 | 94,87 | 4.964.067 |
| Неданочни приходи | 12.735.623 | 10.084.265 | 10.676.162 | -5,54 | 79,18 | 2.651.358 |
| Капитални приходи | 20.420.000 | 13.906.771 | 15.067.440 | -7,70 | 68,10 | 6.513.229 |
| Трансфери и донации | 546.432.826 | 439.291.857 | 416.046.277 | 5,59 | 80,39 | 107.140.969 |
| Задолжување во земјата | 20.000.000 | 20.000.000 | 22.813.996 | -12,33 | 100,00 | 0 |
| Вкупен приход | 696.346.396 | 575.076.773 | 559.419.645 | 2,80 | 82,58 | 121.269.623 |

**Графички приказ бр.2 - Клучни приходи на општината во 2024 год. согласно економската класификација**



**Расходи на општината**

Во текот на 2024 година реализирани се вкупни расходи на буџетот на општината во износ од 575.076.773 денари или 82,58% во однос на вкупно планираните расходи кои за 2024 година изнесуваат 696.346.396 денари. Во Билансот на расходите остварените расходи се прикажани по ставки и потставки, додека во Посебниот дел на завршната сметка остварените расходи се прикажани по потпрограми, ставки и потставки.

**Табела бр.3 (Реализација на вкупни расходи во 2024 година по економска класификација)**

| Видови на расходи (по екон. класиф.) | буџет 2024 (во ден.) | реализ. 2024 (во ден.) | реализ. 2023 (во ден.) | реал. 2024 / реал. 2023 (%) | реал. 2024 (%) | нереализ. буџет (во ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 358.801.468 | 352.279.918 | 306.348.302 | 14,99 | 98,18 | 6.521.550 |
| Резерви и недефин.расходи | 300.000 | 0 | 500.000 | -100,00 | 0,00 | 300.000 |
| Стоки и услуги | 139.557.189 | 93.159.214 | 100.899.763 | -7,67 | 66,75 | 46.397.975 |
| Каматни плаќања | 2.200.000 | 2.164.165 | 492.131 | 339,75 | 98,37 | 35.835 |
| Субвенции и трансфери | 39.948.797 | 36.755.185 | 29.608.210 | 24,14 | 92,01 | 3.193.612 |
| Социјални бенефиции | 500.000 | 458.886 | 500.000 | -8,22 | 91,78 | 41.114 |
| Капитални расходи | 151.038.942 | 86.300.907 | 72.865.025 | 18,44 | 57,14 | 64.738.035 |
| Отплата на главнина | 4.000.000 | 3.958.498 | 3.958.498 | 0,00 | 98,96 | 41.502 |
| **Вкупно расходи** | **696.346.396** | **575.076.773** | **515.171.929** | **11,63** | **82,58** | **121.269.623** |

Од табела бр. 3 може да се види дека реализацијата на расходите за плати и надоместоци на општината изнесува 352.279.918 денари (62.533.267 ден. од основен буџет и 289.746.651 ден. од буџет на дотации) односно 98,18% во однос на планот, што покажува зголемување од 14,99% споредено со претходната година. Со овие средства се измирени платата и надоместоците на вработените во единките буџетски корисници од областа на

образованието, културата, социјалната заштита, потоа на општинската администрација, градоначалникот и на противпожарната единица, надоместоците на советниците на општината.

Реализацијата на резерви и недефинирани расходи изнесува 0%, додека реализацијата на расходите за стоки и услуги на општината изнесува 93.159.214 ден. или 66,75%, што покажува намалување од 7,67% споредено со претходната година. Овде влегуваат расходите за патни и дневни трошоци, комунални услуги, греење, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување на деловни објекти, возила, опрема и др.; договорни услуги (осигурителни, здравствени, ветеринарни, договори на дело, изработка на урабнистички планови), други тековни расходи (членарини, репрезентација, огласи, услуги од катастар и др., оперативни трошоци), превозни услуги во образованието и др. Наведените расходи се однесуваат на тековно оперативните потреби на општинската администрација, градоначалникот, противпожарната единица, советот на општината, единките буџетски корисници од областа на образование, култура, социјална заштита.

За субвенции и трансфери се потрошени вкупно 36.755.185 денари или 92,01% во однос на планот, што значи зголемување од 24,14% споредено со претходната година. Од овие средства 15.737.200 денари се трансфери до невладини оргранизации (здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови). Понатаму 19.357.985 денари се разни трансфери, од кои 3.651.790 денари се исплатени од страна на единките буџетски корисници. Општина Радовиш има исплатено 8.300.000 денари трансфер на ЈПССО "Радовиш 2014" за потрошена ел.енергија за улично осветлување, 2.094.444 денари трансфери до здруженија и физички лица по програма Културни манифестации и творештво, трансфери при пензионирање на вработени во општината и во единките буџетски корисници 1.040.054 денари, стипендии за поддршка на млади таленти 963.000 денари, 879.143 денари за прифаќање на донација на противпожарно возило, Операција Флоријан, трансфери до Елрад Енерџи во износ од 470.000 денари, 290.000 ден. на ЈПССО за одржување на шестоноемвриски турнир, 552.315 ден. трансфер на ЈП "Плаваја" за набавка на машина за хоризонтална сигнализација, 251.985 ден. за прослава на матурска вечер на матуранти од СОУ "Коста Сусинов", 142.387 денари исплата на јубилејна награда на вработени во општината, плаќање по судски решенија 183.274 денари, 124.446 денари за субвенции за возачки дозволи, 70.500 денари за субвенции за купен велосипед, како и други трансфери согласно донесени одлуки од Совет на општина Радовиш.

За исплата на социјална помош во текот на 2024 година се потрошени 458.886 денари.

Капиталните расходи на општината се реализирани во висина од 86.300.907 денари или 57,14% во однос на планот, што покажува зголемување од 18,44% во однос на 2023 година. Расходите се направени за следните капитални потреби:

- купување на информатичка и видео опрема, опрема за греење и климатизација, купување на друга опрема во износ од 2.640.551 денари, од кои 2.008.904 денари се средства добиени од блок дотации за потребите на единките буџетски корисници;
- други градежни објекти во износ од 81.053.698 денари, од кои 44.570.157 денари се реализирани од основниот буџет, 13.549.421 денари од буџетот на дотации за потребите на единките буџетски корисници, 20.000.000 денари се средства од кредит, за изградба на градски пазар, 2.934.120 денари од буџет на донации. Кај основниот буџет 20.953.226 денари се реализирани согласно програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на локални патишта во општина Радовиш, 11.760.000 денари се реализирани согласно Развојната програма за одржување, реконструкција, надградба на постоечки

асфалтен коловоз, а 11.856.931 ден. се наплатени преку извршител во корист на Интеренерго. Кај буџетот на донации, 2.934.120 денари се средства добиени како донација од ДПТУ "Бучим", од нив 1.771.742 денари се исплатени за изградба на водоводна мрежа во УБ22, а 1.162.378 денари се исплатени за реконструкција на плафон со ново осветлување во ЦК "Ацо Караманов".

- купување на мебел во износ од 1.758.455 денари реализирани во буџет на дотации од страна на единките буџетски корисници;
- вложување и нефинансиски средства во износ од 848.203 денари за надомест за одземен имот - експропријација, книги за библиотека и учебници, набавка на компјутерски софтвер.

За отплата на главница во 2024 година се реализирани вкупно 3.958.498 денари во однос на долгорочниот кредит за кој Општина Радовиш има Договор за заем со Министерство за финансии во рамки на средства обезбедени со Проектот за подобрување на општински услуги финансиран од Меѓународна банка за обнова и развој – Светска банка.

Планираните и реализирани расходи за 2024 година, класифицирани по одделни програми во буџетот на Општина Радовиш се презентирани подолу.

**Табела бр.4 (Реализација на вкупни расходите во 2024 година по одделни програми)**

| Ред. бр. | Програма | буџет 2024 (во ден.) | реализ. 2024 (во ден.) | реализ. 2023 (во ден.) | реал. 2024 / реал. 2023 ( %) | реал. 2024 (%) | нереализ. буџет (во ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА | 11.700.000 | 11.099.322 | 10.804.041 | 2,73 | 94,87 | 600.678 |
| 3 | D00 ГРАДОНАЧАЛНИК | 2.056.589 | 1.977.378 | 2.274.699 | -13,07 | 96,15 | 79.211 |
| 4 | D10 МЕСНА САМОУПРАВА | 60.000 | 0 | 15.174 | -100,00 | 0,00 | 60.000 |
| 5 | E00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | 58.361.266 | 54.799.884 | 61.892.602 | -11,46 | 93,90 | 3.561.382 |
| 6 | EA0 КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА | 855.383 | 637.122 | 1.234.424 | -48,39 | 74,48 | 218.261 |
| 7 | F10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ | 3.074.268 | 1.514.623 | 149.225 | 914,99 | 49,27 | 1.559.645 |
| 8 | F20 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | 1.564.363 | 989.975 | 633.165 | 56,35 | 63,28 | 574.388 |
| 9 | G10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | 1.785.320 | 1.393.837 | 5.309.466 | -73,75 | 78,07 | 391.483 |
| 10 | G20 ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ | 165.200 | | | | 0,00 | 165.200 |
| 11 | GA0 ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ | 20.500.000 | 20.261.662 | 22.813.996 | -11,19 | 98,84 | 238.338 |
| 12 | GD0 ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ | 7.136.279 | 2.076.079 | 996.842 | 108,27 | 29,09 | 5.060.200 |
| 14 | J30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ | 10.739.918 | 10.736.759 | 8.282.692 | 29,63 | 99,97 | 3.159 |
| 15 | J40 ЈАВНА ЧИСТОТА | 5.858.180 | 1.897.830 | 5.630.689 | -66,29 | 32,40 | 3.960.350 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Ј60 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ, ПАТИШТА | 8.728.090 | 2.327.791 | 4.056.597 | -42,62 | 26,67 | 6.400.299 |
| 17 | Ј70 ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО | 5.500.000 | 3.052.565 | 4.681.841 | -34,80 | 55,50 | 2.447.435 |
| 18 | Ј80 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1.405.000 | 564.566 | 1.226.647 | -53,97 | 40,18 | 840.434 |
| 20 | ЈD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ | 46.415.482 | 39.260.582 | 22.913.063 | 71,35 | 84,59 | 7.154.900 |
| 21 | ЈG0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ | 2.793.522 | 2.793.522 | 0 | | 100,00 | 0 |
| 22 | ЈІ0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ | 10.360.008 | 0 | 5.725.252 | -100,00 | 0,00 | 10.360.008 |
| 23 | К1 БИБЛИОТЕКАРСТВО | 6.586.705 | 6.116.461 | 5.400.806 | 13,25 | 92,86 | 470.244 |
| 24 | К2 МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЛНОСТ | 5.036.649 | 4.612.909 | 4.081.413 | 13,02 | 91,59 | 423.740 |
| 25 | К4 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО | 4.200.000 | 4.044.444 | 4.022.000 | 0,56 | 96,30 | 155.556 |
| 26 | КА0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ВО КУЛТУРА | 1.851.520 | 1.232.722 | 652.002 | 89,07 | 66,58 | 618.798 |
| 27 | КАА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ВО КУЛТУРА-РЕКОНСТРУКЦИЈА СТОКОВНА КУЌА | 300.000 | | | | 0,00 | 300.000 |
| 28 | L0 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | 15.245.940 | 14.705.940 | 8.303.946 | 77,10 | 96,46 | 540.000 |
| 30 | MV0 РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | 13.226.108 | 2.726.108 | 195.302 | 1.295, 84 | 20,61 | 10.500.000 |
| 31 | N1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 275.528.540 | 239.589.535 | 220.678.126 | 8,57 | 86,96 | 35.939.005 |
| 32 | N2 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 83.300.289 | 65.968.398 | 55.868.084 | 18,08 | 79,19 | 17.331.891 |
| 33 | NA0 КАПИТ.РАСХ.ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 33.000 | 15000 | 0 | | 45,45 | 18.000 |
| 34 | NB0 КАПИТ.РАСХ.СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 843.775 | | 70.800 | -100,00 | 0,00 | 843.775 |
| 35 | Q0 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 2.271.549 | 1.670.624 | 2.328.451 | -28,25 | 73,55 | 600.925 |
| 36 | V1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 55.915.359 | 49.903.280 | 48.288.735 | 3,34 | 89,25 | 6.012.079 |
| 37 | V3 СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ | 6.440.000 | 5.833.797 | | | 90,59 | 606.203 |
| 38 | VA0 КАПИТ.РАСХ. ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 60.000 | 0 | 37.498 | -100,00 | 0,00 | 60.000 |
| 39 | W0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 19.927.398 | 19.415.479 | 6.604.351 | 193,98 | 97,43 | 511.919 |
| 40 | WA0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 6.490.696 | 3.858.579 | | | 59,45 | 2.632.117 |
| 41 | X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 30.000 | 0 | 0 | | 0,00 | 30.000 |
| | Вкупно | 696.346.396 | 575.076.773 | 515.171.929 | 11,63 | 82,58 | 121.269.623 |

Во Програмите A0, D0, D1, E0, F1, F2, G1, G2, J3, J4, J6, J7, J8, K1, K2, K4, L0, N1, N2, Q0, V1, V3, W0 и X1 се реализирани средства за тековно - оперативни расходи на Општина Радовиш и единките буџетски корисници од областа на образованието, културата, социјалната заштита и противпожарна заштита. Во програмите EA, GA, GD, JD, JG, JI, KA, MV, NA, WA и делумно кај програмите K1, K2, N1, N2 и V1 се извршени средства за капитални расходи на Општина Радовиш и единките буџетски корисници.

**Сумирано, кај основниот буџет** за 2024 година се остварени вкупни приходи во износ од 170.373.422 денари, зголемени за пренесениот вишок на приходи од претходна година во износ од 29.192.557 денари и намалени за вкупните расходи во износ од 175.447.198 денари, се добиваат неискористени средства во износ од 24.118.481 денар, кои се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

**Кај буџетот на дотации** за 2024 година се остварени вкупни приходи во износ од 353.271.053 денари, зголемени за пренесениот вишок на приходи од претходна година во износ од 58.502.719 денари, намалено за вкупните расходи во износ од 359.380.354 денари, се добиваат неискористени средства во износ од 52.393.418 денари, кои се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

**Кај буџетот на самофинансирачки активности** на единките буџетски корисници се остварени вкупни приходи во износ од 6.672.282 денари, зголемени за пренесениот вишок на приходи од претходна година во износ од 6.299.516 денари и намалени за вкупните расходи во износ од 9.199.709 денари, се добиваат неискористени средства во износ од 3.772.089 денари, кои се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

**Кај буџетот на донации** се остварени вкупни приходи во износ од 7.444.508 денари, зголемени за пренесениот вишок на приходи од претходна година во износ од 30.883.073 денари и намалени за вкупните расходи во износ од 11.049.212 денари, се добиваат неискористени средства во износ од 27.278.369 денари, кои се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

Во **вкупниот буџет** на општина Радовиш, според погоре наведеното, на 31.12.2024 год. остануваат неискористени средства во износ од 107.562.357 денари кои се пренесуваат во 2025 година и може да се искористат за покривање на дефицит на средства доколку се појави. Со тоа, пренесениот вишок на приходи од претходни години во 2025 година се намалува за 17.315.508 денари (124.877.865 денари во 2024 година).

## 1.4. ПОСЕБЕН ОСВРТ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ - СОСТАВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ НА ОПШТИНА РАДОВИШ 2024 ГОДИНА

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Во рамките на Билансот на приходи и расходи, приходите се систематизирани како:

- Даночни приходи;
- Неданочни приходи;
- Капитални приходи;

- Трансфери и донации;
- Домашно задолжување;
- Задолжување во странство;
- Продажба на хартии од вредност;
- Приходи од отплата на заеми.

**Признавањето на приходите и другите приливи содржани во главната книга на буџетот се спроведуваат според начелото на парично искажување.**

Расходите се систематизирани како:

- Тековни расходи,
- Капитални расходи,
- Отплата на главнина.

**Признавањето на расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетот се спроведуваат според начелото на парично искажување.**

**Даночни приходи**

Даночните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Данок на имот,
- Данок на наследство и подарок,
- Данок на промет на недвижности,
- Комунални даноци.

Во денари

| Опис | Буџет 2024 | Извршено 2024 | Извршено 2023 |
|---|---|---|---|
| Данок од доход,од добивка и од капитални добивки | 10.712.000 | 11.713.556 | 8.732.220 |
| Даноци на имот | 35.220.000 | 40.043.507 | 31.928.926 |
| Даноци на специфични услуги | 46.115.947 | 39.722.380 | 49.175.740 |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 4.710.000 | 314.437 | 4.978.884 |

Согласно со одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и поодделните законски и подзаконски прописи (Закон за даноците на имот, Закон за комуналните такси,) се остваруваат даночните приходи по основ на:

- Персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, данок на плати остварени во странство, како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност;

- Данок на имот кој опфаќа данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и камата за ненавремено плаќање данок на имот;
- Даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунални такси за истакнати

фирми, такси од регистрација на моторни возила, такса за јавно улично осветлување, такса за користење на просторот пред деловни простории, надомест за комунално уредување на градежно земјиште и други комунал-ни такси и надоместоци;

**Неданочни приходи**

Неданочните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Претприемачки приход и други приходи од имот;
- Други владини услуги и
- Други неданочни приходи.

Во денари

| Опис | Буџет 2024 | Извршено 2024 | Извршено 2023 |
|---|---|---|---|
| - Предприемачки приходи и други приходи од имот...................... | 0 | 0 | 0 |
| -Глоби судски и административни такси.. | 1.760.000 | 1.847.300 | 1.488.445 |
| -Такси и надоместоци................................ | 190.848 | 174.944 | 159.040 |
| -Други владини услуги......................... | 0 | 0 | 0 |
| - Други неданочни приходи.................. | 2.000.000 | 1.389.739 | 2.837.769 |

Општината остварува неданочни приходи по основ на:

- Такси и надоместоци што опфаќаат наплата на административни такси кои се наплаќаат за списи и дејствија кај органите на општините;
- Административни такси и надоместоци што се однесуваат на приходи од закупнина од објекти и закупнина на опрема;
- Други владини услуги што опфаќаат приходи од изработка на просторни и урбанистички планови, приходи од издавање на тендерска документација за учество на јавна набавка и
- Други неданочни приходи односно приходи од наплатен надомест за користење тезги и останати неданочни приходи.

**Капитални приходи**

Капиталните приходи се остварени по основ на приходи од продажба на земјиште и приход од концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 13.906.771 денари (2023год. – 15.067.440 денари).

**Трансфери и донации**

Трансферите и донациите се остварени по основ на трансфери од други нивоа на власт во износ од 90.453.345 денари (2023 год. – 64.451.543 денари).

**Тековни расходи**

**Плати, наемнини и надоместоци**

